Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-276/1
27-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-812/1 од 16.11.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, со седиште на бул. [redacted] во Скопје, против [redacted], за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 23.2.2024 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На 16.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми.

Согласно наводите од претставката, [redacted] на ден 13.10.2023 година на својот профил на социјалната мрежа Facebook ја објавил следната содржина:
„Радев да ти бил загрижен ама и јас сум загрижен:) ако на Бугарија и се одзеде историјата на Македонците и Турците, тогава България няма да има история.
#СекојСоСвоитеГрижи".

Предметната објава имала 314 реакции и 332 коментари, кои подносителите сметаат дека претставуваат ксенофобични коментари кон Република Бугарија и бугарскиот народ и кои поттикнуваат говор на омраза, раздор и нетрпеливост. Наведуваат дека лицето [redacted] изнесува историски невистини велејќи дека Бугарија нема своја историја, со што ја доведува јавноста во заблуда.
Со ваквото дејствување сметаат дека сторил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, како и вознемирување кон бугарскиот народ, согласно член 9 и член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.11.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување по наводите од претставката бр. 08-812/2 до [redacted] на адресата на политичката партија [redacted], чиј претседател е тој, а која адреса воедно беше наведена во претставката.

Испратеното известување беше вратено назад во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бидејќи, согласно поштенската повратница со печат „непознат", лицето Јанко Бачев не е евидентирано на дадената адреса.

Од оваа причина, на ден 26.12.2023 година Комисијата испрати Барање за доуредување на претставката до Здружение ДЕЛО.

Имено, согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Оттука, Комисијата ги задолжи подносителите да ја доуредат претставката во насока што ќе наведат точна адреса на лицето против кого ја поднесуваат претставката и истото доуредување да го доставаат до Комисијата во рок од 8 дена од приемот на барањето.

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пристигна одговор на барањето за доуредување и по истекот на законскиот рок од 8 дена, поради што поднесената претставка не беше доставена до потенцијалниот дискриминатор и при одлучување беа земени предвид единствено наводите изнесени во претставката.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Претседателот на политичката партија „[redacted], на ден 13.10.2023 година на својот профил на социјалната мрежа Facebook ја објавил текстуалната содржина цитирана во претставката.

Во оваа насока, институтот повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е дефиниран во **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа".

Вознемирувањето, како облик на дискриминација, е дефинирано во **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** како „несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."

Во конкретниот случај, [redacted] објавил текстуална содржина со која изразил став дека бугарската историја не би постоела без Македонците и Турците. Според Комисијата станува збор за неточен став, со кој посредно се клевети за преземање на историја на други народи, но не и за вознемирување или повикување и поттикнување дискриминација. Говорот е насочен кон бугарската држава, а не кон бугарскиот народ и во таа смисла не претставува вознемирување врз дискриминаторска основа. Без да го прејудицираме резултатот од можна судска постапка, сметаме дека овој говор е предмет на Законот за граѓанска одговорност од навреда и клевета.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација сторена од страна на [redacted] кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

Скопје
27.2.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- Здружение на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО Скопје, со седиште на бул. 12-та Македонска Бригада бр. 79А, 1000 Скопје